Во периодот **април 2012 – октомври 2013**, Форумскиот процес во општина Делчево ќе го спроведува Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС). За потребите на Форумот, се распишува оглас за избор на **КО-МОДЕРАТОР** кој ќе биде ангажиран во времетраење од **6 месеци, 9 работни дена во текот на месецот, со флексибилно работно време**.

Целта на програмата „**Форуми во заедницата**” е да го поддржи партиципативниот развој на заедниците на локално ниво преку организирање на шест форумски сесии и последователно спроведување на проектите од форумските сесии. Програмата е финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), а е раководена од Единицата за координација на форумите (ЕКФ) во соработка со Заедницата на единиците на локална самоуправа ЗЕЛС (повеќе информации на www.forumivozaednicata.com.mk).

Ко-модераторот е помошник на модераторот на форумот и раководител на оперативната група. Оперативната група е составена од 6 до 8 членови и е одговорна за техничката организација на сесиите.

**Задачи, одговорности и очекувани резултати:**

- Раководење и координирање со Оперативната група;
- Организирање и ко-модерирање на форумски сесии, вклучително и регрутација на учесници на форумот;
- Помош на модераторот при водењето на форумските сесиите;
- Организирање и ко-модерирање на состаноци помеѓу форумски сесии;
- Техничка подготовка на форумски сесии (сала, постери, опрема);
- Координирање на активностите за односи со јавноста на локално ниво;
- Подготовка и чување на документите за и од форумските сесии и работата помеѓу сесиите (записник, листи на учесници, покани и сл.);
- Учество на обуки организирани од страна на ЕКФ, МЦМС и SDC;
- Подготовка на месечни извештаи.

**Квалификации и искуство:**

- универзитетско образование
- познавање на англиски јазик
- активно користење на компјутер (WORD, EXCEL, OUTLOOK)
- познавање на процесот на децентрализација
- искуство во работа со невладни организации
- да е жител на општината
- искуство во фасилитација, координација и известување
- наклонетост кон тимска работа
- одлични комуникациски вештини

**Заинтересираните кандидати треба да испратат кратка биографија (CV) и писмо за мотивација, најдоцна до 11 април (среда), на следната електронска адреса: dmt@ mcms.mk**